**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**

**Број : Ип1-22-67 од 08.11.2024година**
**Охрид**

Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за животна средина**
Палата"Емануел Чучков"
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Канцеларија Охрид

Е-пошта:
i.trajkoski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

Државниот инспектор за животна средина врз основа на член 200 од Законот за животната средина (Сл.весник на Р.М.бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 51/2011, 123/2012, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 89/2022), по извршениот инспекциски надзор во **Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз извоз АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен-Подружница Агроплод ДООЕЛ О.Е. Живинарска фарма фабрика за сточна храна Ресен**, застапувано од Александар Довлев - Овластено лице на подружница, а во поглед на отстранување на недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр.22-67 од 07.11.2024 година, донесе :

## РЕШЕНИЕ

СЕ НАРЕДУВА на **Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз извоз АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен-Подружница Агроплод ДООЕЛ О.Е. Живинарска фарма фабрика за сточна храна Ресен со адреса** на ул.Наум Веслиевски бр.74-Ресен:

1. Да изврши мониторинг (мерења) на емисија во воздух согласно А-Интегрираната Еколошка Дозвола.
Рок : 30 (триесет) дена.

2. Извештај со резултати-податоците од извршениот мониторинг на емисија во воздух да ги достави до Државниот инспекторат за животна средина-Пелагониски југозападен регион-канцеларија Охрид, со седиште на Булевар „Македонски Просфетители“ бр.1, 6000 Охрид.
Рок : 30 (триесет) дена.

3. По реализација на задолжението од точката 1 и 2 од ова решение, да го извести надлежниот државен инспектор за животна средина.
Рок: Веднаш по реализација на задолжението од точка 1и2.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспектор за животна средина по извршениот редовен инспекциски надзор во Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз извоз АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен-Подружница Агроплод ДООЕЛ О.Е. Живинарска фарма фабрика за сточна храна Ресен изготви Записник бр.Ип1-22-67 од 07.11.2024 година, при што се констатира дека субјектот согласно член 36 став (4) и (5)

Број : Ип1-22-67 од
08.11.2024година
Охрид

Република Северна
Македонија

**Државен инспекторат за животна средина**
Палата"Емануел Чучков"
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Канцеларија Охрид

Е-пошта:
i.trajkoski @sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел-ДИЖС: +389 70 286 698

од Законот за животна средина нема извршено мерења за 2024година согласно А-Интегрираната Еколошка Дозвола каде што во точка 6 опишани се емисии во воздух, а фрекфенцијата на мониторинг е два пати годишно, беа приложени барања и понуди за испитувања на емисии во воздух.

Согласно овластувањата кои произлегуваат од член 194 став (2), на член 198 став (1) точки (13) и (15), на член 200, став (1), точки (14) и (20), и став (2) од Законот за животната средина, донесена е одлука како во диспозитивот.

Доколку не се постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган.

**Игор Трајкоски**
**Државен инспектор за животна средина**

**Доставено до :**
**- архива**
- АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен-Подружница Агроплод ДООЕЛ О.Е. Живинарска фарма